Република Македонија

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. "Вељко Влаховиќ " 6б, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 01-1074/2
06-06-2016 2016 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 став 1 алинеја 20 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 60/06, 150/10, 100/11, 20/15 и 61/15), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на ден 31.05.2016 година го донесе следниот

# ПРИРАЧНИК
# за комуникација на судовите со јавноста

## I. Општи одредби

### Член 1

Со Прирачникот за комуникација на судовите со јавноста се уредува комуникацијата на судовите со странките, граѓаните, медиумите и општата и стручната јавност (во натамошниот текст: судска комуникација).

### Член 2

Основна цел на судската комуникација е да ја зајакне довербата на граѓаните во судството, приближување на правдата до граѓаните и владеење на правото.

### Член 3

Судската комуникација овозможува транспарентност на работење на судовите со соодветна достапност на информации за нивната организација, активности, судски постапки и одлуки.

Комуникацијата со јавноста ќе се одвива на разбирлив јазик, без употреба на сложена правна терминологија.

## Член 4

Јавност, транспарентност, навременост и еднаквост се начела врз основа на кои се одвива комуникацијата на судовите со јавноста, со почитување на принципот на заштита на лични податоци, заштита на класифицирани и доверливи информации.

## Член 5

Целна група на судската комуникација се вработените во судовите, странките, граѓаните, медиумите и општата и стручната јавност.

## II. Видови комуникација

## Член 6

Видови на судска комуникација: внатрешна, надворешна и комуникација во итна состојба.

### Внатрешна комуникација

## Член 7

Внатрешната комуникација подразбира пренос и размена на интерни информации и се остварува во рамките на судот.

Внатрешната комуникација ја спроведуваат сите вработени во судот согласно внатрешната организација за работа.

За остварување на оптимални резултати и навремено и целосно доставување на информациите се користат сите начини на комуникација: писмено, усмено и електронски.

### Надворешна комуникација

## Член 8

Надворешната комуникација подразбира пренос и размена на информации за работата и активностите на судот, за потребите на граѓаните, стручната јавност, медиумите и државните органи.

Надворешната комуникација овозможува активно промовирање на работата на судот и придонесува за подобрување и унапредување на активностите на судот.

## Член 9

Надворешната комуникација ја спроведуваат:
-Претседателот на судот,
-Канцелацијата за односи со јавност и
-Лицето задолжено за односи со јавност.

Давањето на информациите за јавноста се одвива на начин со кој нема да се наруши угледот, честа и достоинството на личноста, односно независноста и самостојноста на судството.

Претседателот на судот е одговорен за сите прашања врзани за односи со јавноста и информирање од страна на судот. Сите информации спрема медиумите, странките и пошироката јавност во име на судот мора да бидат одобрени од страна на претседателот на судот.

Канцеларијата за односи со јавноста комуницира со странките во постапката и обезбедува информации за процесните права и обврски на учесниците во судските постапки, за текот на постапката и по поднесено барање на заинтересирано лице доставува анонимизиран примерок од бараната одлука објавена на Веб страната на судот согласно закон.

Информации за јавноста преку средствата за јавно информирање за работата на судот како и информации за текот на постапката по конкретен предмет дава претседателот на судот или одговорно лице за односи со јавност.

## Член 10

Надворешната комуникација се остварува преку:
- Средствата за јавно информирање;
- Веб страна на судот;
- Информативни штандови во судовите;
- Информативни брошури и билтени;
- Организирање отворен ден за јавноста најмалку еднаш годишно;
- Огласна табла во судот;
- Електронска пошта (е-маил);
- Социјалните мрежи и друго.

## Комуникација во случај на итни состојби

## Член 11

Итна состојба е специфичен, неочекуван и вонреден настан со кој е доведена во прашање надлежноста на судот, етичките права и

професионализмот, со висок степен на неизвесност и закана за угледот и работата на судот.

Итната состојба може да ја намали довербата и да го загрози угледот на судот и неговата работа создавајќи сомнежи за постоење на злоупотреби и корупции упатени на сметка на судија или суд.

Во случај на итна состојба судот реагира веднаш со демантирање на неточни информации (со изнесување на точни информации) или на друг проактивен начин на комуникација соодветен на ризикот по нарушувањето на угледот на судијата или судот согласно член 10 од овој прирачник.

## III. Поддршка

### Член 12

Судиите и судските службеници во судот имаат обврска да им пружат подршка на лицата одговорни за комуникација кога се подготвува потребна информација, кога се информира за одредени состојби или кога е потребна комуникација за кризни состојби.

## IV.Завршни одредби

### Член 13

Овој прирачник влегува во сила со денот на донесувањето.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Зоран Карацовски**